Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-55/8
26.01.2023 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 22 став 1 точка 7, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), и член 12 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ број 06/05) Советот на Општина Градско на седница одржана на ден 26.01.2023 година донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ, УСЛОВИТЕ И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ПРАВО НА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧЕ

## Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат критериумите, условите и потребната документација за остварување на правото за користење еднократна парична помош за новороденче.

## Член 2

Еднократната парична помош за секое новороденче е во висина од 10.000,00 денари и се доделува за секое новородено дете започнувајќи од 01.01.2023 година.

Еднократна парична помош се обезбедува за семејството на новороденото дете.

Истата се обезбедува од Буџетот на Општина Градско.

## Член 3

Право на еднократна парична помош се остварува за секое новороденче, како и во случај на повеќе родени деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе).

## Член 4

Право на користење парична помош за новороденче имаат родителите коишто се со постојана адреса на живеење на територијата на Општина Градско.

## Член 5

Исплатата на паричните средства по поединечно барање, ќе ја врши Одделението за финансиски прашања по Одлука од Совет.

## Член 6

Барањето за остварување право на еднократна парична помош за новороденче може да се подигне во архивата на Општина Градско, а достапно е и во електронска форма на веб-страницата на општината.

Барањето со потребната документација се поднесува до архивата на Општина Градско, најдоцна до наполнети шест месеци на детето.

Барањето што е поднесено по шестиот месец од раѓањето на детето нема да биде предмет на разгледување.

**Кон барањето се приложуваат следните документи:**

- Копија од извод од матична книга на родените за новороденчето;
- Копија од важечки лични карти на двајцата родители, со исклучок на новороденче на самохран родител, за идентификација од која се видливи податоците за живеење во Општина Градско;
- Копија од трансакциска сметка на барателот на еднократна паричната помош за новороденче.

Дополнителни документи за самохран родител:

(во зависност од основот за стекнување статус самохран родител, потребен е еден од долунаведените документи)

- Копија од матична книга на умрените;
- Копија од правосилна судска пресуда за разведен брак;
- Доказ дека родителот не е во брачна заедница со копија од Извод од матична книга на родените не постар од шест месеци и Изјава дека не е во брачна заедница.

Барателот е должен да приложи оригинали од поднесените документи.

**Член 7**

Документите се доказ во постапката и не му се враќаат на барателот.

Подносителот на барањето е должен да дава точни и веродостојни податоци.

Ако се утврди дека подносителот дал невистинити податоци, тој го губи правото во согласност со овој Правилник.

Со поднесувањето на барањето подносителот потпишува изјава за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош.

**Член 8**

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Градско".

Советот на Општина Градско
Претседател
Мирјана Ѓорѓиева